Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

## Извадок на дел од дневни настани 13.03.2021

На 12.03.2020 во 14,30 часот, полициски службеници од Полициското одделение Теарце на локалниот пат од с.Брезно кон с.Лешок, сопреле патничко моторно возило "ѓолф 3" со тетовски регистарски ознаки управувано од Ј.И.(36), во кое како совозачи се наоѓале и С.Ј. (30) и Д.С.(28), сите од с.Слатино. При извршен преглед пронајдена била марухуана и тие биле приведени во полициска станица. По документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 12.03.2021 во 18,30 часот од полициски службеници од СВР Тетово заедно со со инспектори од Државен пазарен инспекторат Тетово била извршена контрола во угостителски објект во Тетово, каде било утврдено дека во објектот имало организирано семејна веселба и имало присутни околу 40 лица. Лишен од слобода е И.Б.(38) од Тетово, управител на објектот поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "непостапување според здравствени прописи за време на епидемија" по член 206 од КЗ на РСМ. По документирање на случајот ќе следат соодветни поднесоци.

На 12.03.2021 во 12,50 часот на Граничниот премин „Деве Баир", на излез од Р.Северна Македонија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" (зелена карта) бил лишен од слобода Д.Ф.(38) од Р.Турција. Тој бил предаден на полициски службеници од Полицската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 12.03.2021 во 14,30 во Полициската станица Карпош М.М.(46) од Скопје пријавил дека на ул."Козле" неговиот син бил каснат од куче скитник.

На 12.03.2021 во 12,40 часот во Полициската станица Аеродром Л.П.(52) од Скопје пријавила дека на бул."Јане Сандански" била касната од куче скитник.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (12.03.) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.
На територијата на град Скопје изречени се вкупно 160 мерки. За непочитување на брзина на движење санционирани се 21 возач, осум санкции за возење без возачка дозвола, три за некористење сигурносен појас, како и четири за прекршоци што ги чинат пешаците.

Изречени се четири мерки за користење мобилен телефон, осум санкции за управување под дејство на алкохол, една за минување на затворен сигнал (црвено светло), две за недавање првенство на минување на пешаци, три санкции за непрописно престигнување и обиколување...

На 12.03.2021 во 17,30 часот од страна на полициски службеници од Полициската станица Гази Баба бил приведен Т.К.(21) од Куманово кој се барал со потерница од Основен суд Куманово за издржување на казна затвор. Тој бил спроведен до Основен суд Куманово за понатамошна постапка.

На 12.03.2021 во 12,00 часот од Затвор Тетово било пријавено дека при извршен претрес во просториите во затворот била пронајдена марихуана кај затвореникот Н.Б.(58) од Тетово. По целосното расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 13.03.2020 во 00,10 часот на влез во с.Грчец од полициски службеници од СВР Скопје биле приведени Н.С.(44) и 16 годишник од с.Сарај-скопско, затоа што агресивно се однесувале кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесни соодветни поднесоци.

На 12.03.2021 во 12,50 часот во СВР Скопје од страна на Итна медицинска помош било пријавено дека имало починато лице без видливи траги на насилство во стан на ул.„Ташко Караџа". Се работи за С.А.(44) од Скопје. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 12.03.2021 во 15,30 часот В.А.(34) од Тетово пријавил дека во Тетово на ул."Маршал Тито" бил каснат од куче скитник.

На 12.03.2021 во 17,20 часот Д.Т.(34) од Тетово пријавил дека во Тетово на ул."29-ти Ноември" бил каснат од куче скитник.

На 12.03.2021 во 13,30 часот во Полициската станица Карпош Д.П.(72) од Скопје пријавил дека на Ул."Пресека" бил каснат од куче скитник.

На 12.03.2021 во 21,30 часот А.И.(39) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 20,00 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.03.2021 во 14,30 часот И.Ф.(72) од с.Подареш пријавил дека во неговата нива во атар во с.Подареш пронашол неексплодирана бомба. Од страна на пиротехничар од ДЗС –Штип подигната била бомбата која потекнувала од Првата Светска Војна.

На 12.03.2021 во 20,00 часот во СВР Скопје од страна на Итна медицинска помош било пријавено дека имало починато лице без траги на насилство во стан на ул."Маџари". Се работи за И.Ј.(43) од Скопје. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 12.03.2021 во 17,45 часот К.К.(44) од с.Моноспитово-струмичко пријавил дека истиот ден околу 15,00 часот во с.Моноспитово неговиот син бил физички нападнат од С.Н. Се работи на расчистување на случајот.

На 12.03.2021 во 13,53 часот П.М.(74) од Кавадарци пријавила дека во Кавадарци едно лице со употреба на сила и го одзело паричникот во кој имало пари и документи. Се работи на расчистување на случајот.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет